Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 35, 15 февруари 2010 година

февруари 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *интерна медицина* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ................ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *радиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ................................... 23

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање-предавач (специјалист) за наставната област *протетика* на студиска програма на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ................... 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *офталмологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ................................................................. 30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *медицинска генетика и хистологија со ембриологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ............. 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *фармакоинформатика* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип .......... 51

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област *трансфузиологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип .............55

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *офталмологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип......................................................................58

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област *геофизика* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........................................................................................................64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ПРОТЕТИКА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА НА ВИСОКАТА ЗДРАВСТВЕНА ШКОЛА ПРИ ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип донесе Одлука бр. 2502-112/6 од 19. 11. 2009 год. за распишување на Конкурс за избор на наставник во наставно звање ***предавач (специјалист)*** за наставната област ***протетика*** на студиската програма на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки. На 16.12.2009 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-118/44 и Решение бр. 2502-118/65 претседател, 2502-118/66 член, 2502-118/67 член, за формирање на Рецензентска комисија за избор во наставно звање предавач за наставната област *протетика* во следниов состав:

1. доц. д-р Цена Димова, спец. орален хирург, вработена на Факултетот за медицински науки при УГД во Штип;
2. нас. доц. д-р Стипица Поповски, вработен на Универзитетски стоматолошки клинички центар - Скопје;
3. нас. доц. д-р Ивона Ковачевска, вработена на Универзитетски стоматолошки клинички центар - Скопје;

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм", на 25.11.2009 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен на 25. 11. 2009 година, за избор на предавач (специјалист) за наставната област *протетика* на студиската програма на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки се пријави еден кандидат.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Верица Димовска** е родена на 29 ноември 1962 во с. Балталија. Се запишува на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а завршува во 1987 год. Добива специјализација по стоматолошка протетика во Скопје, а во 2003 год. се стекнува со звање специјалист по стоматолошка протетика.

Од 1987 год. до 1990 год. волонтира на Факултетот за стоматологија при УКИМ, а од 1990 год. работи во ПЗУ Специјалистичка ординација по стоматолошка протетика „Кале" во Скопје.

***Членство во професионални асоцијации***

1. Член е на Стоматолошка комора на РМ.
2. Член е на Здружение на приватните доктори на стоматологија на РМ.
3. Член е на Здружението на специјалисти по протетика во РМ.

***Учество на конгреси и стручни симпозиуми***

1. Четврти стоматолошки денови, Врњачка Бања (2001) - Комора на приватните доктори стоматолози на Србија, Друштво на приватните забни техничари на Србија.
2. Македонски стоматолошки ден со меѓународно учество, Скопје (2001) - Здружение на приватните доктори стоматолози на Македонија, Здружение на стоматолози на Македонија.

3. Трети конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид (2002) Стоматолошка комора на Македонија.
4. „Примена на ласерите во стоматологијата“ - научен симпозиум, Скопје (2002) - Здружение на приватните доктори стоматолози на Македонија.
5. Деветти симпозиум на протетичарите на Србија (2002) - „Керамички материјали во стоматологијата“ - Секција за стоматолошка протетика на Српското лекарско друштво.
6. Десетти симпозиум на протетичарите на Србија; Везни елементи на парцијална протеза, Тара (2003), Секција за стоматолошка протетика на Српското лекарско друштво.
7. Стручен собир на Седмите стоматолошки денови, Врњачка Бања (2004) - Центар за континуирана едукација, Стоматолошки факултет на Универзитетот во Белград, Комора на приватните доктори стоматолози на Србија, Друштво на приватните забни техничари на Србија.
8. „Препарација и цементирање на без метална керамика - ИПС ЕМПРЕС“ Скопје, (2005) - Ивоцлар, Вивадент.
9. Четврти меѓународен стоматолошки симпозиум, Скопје (2005) - Здружение на приватните доктори стоматолози на Македонија.
10. Post-educational seminar: Ankylos multi indicative conference, Скопје (2006) Стоматолошки факултет, Dentsply, Friadent.
11. Четврти конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид (2006) - Македонско стоматолошко друштво.
12. Петти меѓународен стоматолошки симпозиум, Скопје (2006) - Здружение на приватните доктори стоматолози на Македонија.
13. Стручен состанок на Здружението на специјалисти по протетика, Неготино (2006) - Здружение на специјалисти по протетика, Македонско стоматолошко друштво.
14. Шести меѓународен стоматолошки симпозиум Скопје (2007) - Здружение на приватните доктори стоматолози на Македонија.
15. Стручен состанок на Здружението на специјалисти по протетика, Радовиш (2007) - Здружение на специјалисти по протетика, Македонско стоматолошко друштво.
16. Седми меѓународен стоматолошки симпозиум, Скопје (2008) - Стоматолошка комора на Македонија, Здружение на приватните доктори стоматолози на Македонија.
17. Семинар „Биоматеријали во стоматологијата“ Скопје (2008) - Стоматолошка комора на Македонија, Стоматолошки факултет - УКИМ.
18. Симпозиум со меѓународно учество „Супструктурни над импланти“ Струга (2008) - Стоматолошка комора на Македонија, Здружение на специјалисти по протетика, Македонско стоматолошко друштво.
19. Симпозиум со меѓународно учество; Стоматологија во практика, Куманово (2009), Стоматолошка комора на Македонија, Стоматолошко здружение на Македонија
20. Симпозиум со меѓународно учество „Безметални керамички конструкции“ Струга (2009) - Стоматолошка комора на Македонија, Здружение на специјалисти по протетика, Македонско стоматолошко друштво.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација и стручна ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатката д-р Верица Димовска ги исполнува сите законски критериуми за избор на предавач (специјалист) за наставната област *протетика* на студиската програма на Високата здравствена школа на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатката д-р Верица Димовска да ја избере во наставно звање предавач (специјалист) за наставна област *протетика* на студиската програма на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Цена Димова, претседател, с.р.**
**Нас. доц. д-р Стипица Поповски, член, с.р.**
**Нас. доц. д-р Ивона Ковачевска, член, с.р.**

**ПРИЛОГ 1**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Верица Димовска**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Наставно-образовна** | | | |
| 1. Интерна скрипта за вежби | | | |
| **Научноистражувачка** | | | |
| 1. Прегледен труд објавен во научно списание опфатено со СЦИ | | | |
| 2. Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание опфатено во СЦИ | 1 | 9 | 9 |
| 3. Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание опфатено во ЦА | | | |
| 4. Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови на научен собир во Македонија | 1 | 1 | 1 |
| 5. Секциско предавање на научен собир во странство | 1 | 4 | 4 |
| 6. Одржано предавање по покана на научна институција во странство | 1 | 3 | 3 |
| 7. Учество на научен собир со реферат, усно предавање, во Македонија | 1 | 1,5 | 1,5 |
| 8. Учество на научен собир со реферат, усно предавање, во странство | 2 | 2 | 4 |
| 9. Учество на научен собир со реферат-постер во Македонија | 2 | 1 | 2 |
| 10. Учество на научен собир со реферат-постер во странство | 2 | 1,5 | 3 |
| 11. Одбранета докторска теза | | | |
| 12. Одбранета магистерска теза | | | |
| 13. Учесник во научен проект (максимум три проекти) | 1 | 3 | 3 |
| **Вкупно** | | | **31,5** |